


Фестивалот за феминистичка култура и акција **ПРВО ПА ЖЕНСКО** отвора неексклузивен простор за конструктивна дебата за околностите во кои денес живее жената спротивставена на традиционалните стереотипи. Фестивалот има за цел да го промовира феминизмот и да ги поддржи заложбите на активистите за родовата еднаквост преку создавање можности за локална, регионална и интернационална размена, соработка и вмрежување, како и да придонесе кон суштинско препознавање на женската интелектуална и креативна продукција преку креирање можности за креативно изразување, соработка и професионален развој.

Домашните, но и глобалните случувања изминатава година потврдија дека сериозните чичковци во костуми, седнати на одлучувачки позиции сериозно потфрлија.  Ред е на жените да го спасат светот! Под ова мото, оваа година ПРВО ПА ЖЕНСКО го слави својот 5ти роденден! Програмата на јубилејното издание враќа некои од незаборавните учеснички и учесници од претходните години, на кои им се придружуваат нови возбудливи пријател(к)и на фестивалот.

Фестивалот за феминистичка култура и акција *Прво па женско* е поддржан од Европската Унија и од FRIDA Young Feminist Fund. Содржината на фестивалот е одговорност единствено на *Тиииит! Инк. - Скопје* и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

## 18.05. (четврток)

### 20.00 кино Фросина | Отворање + Кратки филмови + дискусија

*Елена* (2016, 15')
Елена е стара дементна жена, која поради болеста мисли дека има седумнаесет години и се подготвува да се сретне со нејзиното момче. Низ комични ситуации се

запознаваме со нејзиниот син кој треба да ја однесе во дом за стари лица, а за да ја изнесе од куќата почнува да ја лаже дека ја носи на состанок со момчето. Но, дали е сè навистина како што изгледа? Филмот е продукција на Пигменто Студио, а поддржан е од Агенцијата за филм на Република Македонија.
Режија:  Дина Дума
Продуцент: Ванчо Мираковски
Директор на фотографија: Наум Доксевски
Играат: Ева Рас и Јордан Симонов

*Долорес* (2017, 14’) премиера
По еден од нивните вообичаени авантуристички излети, еден пар се наоѓа заклучен во тоалетот на националната опера. Додека го чекаат пријателот кој треба да ги ослободи, приморани се да се соочат со проблемите што ги мачат.
Сценарио и режија: Радован Петровиќ
Продуцент: Радован Петровиќ и Сања Тодоровска
Директор на фотографија: Андреј Лембанов
Играат: Долорес Поповиќ и Висар Вишка

*Влакна* (2013, 25’)
Детективката Вели го истражува убиството на младо девојче со едно срамно влакно како главен доказ, и таткото на девојчето како главен осомничен. Но, случајот и трагите кои ги открива ја принудуваат да си ја преиспита теоријата, дури и здравиот разум.
Сценарио и режија: Елеонора Венинова
Продуцент: Небојша Илијевски
Продукција: Партес Продукција
Директор на фотографија: Димо Попов
Играат: Ирена Ристиќ, Бојан Жировиќ, Слаѓана Вујошевиќ и Марија Арсенкова.

*Ќе дојдат децата* (2017, 19’)
Велика е млада учителка која е испратена да подучува деца во едно далечно планинско село. Како што деновите минуваат, од децата нема ни траг ни глас. Единствениот човек што го среќава во селото е една старица што работи во училиштето. Во селото, младата жена за прв пат ќе биде соочена со суровоста на животот и ќе мора да најде начин да преживее.
Режија: Ана Јакимска
Продуценти: Дејан Крајчевски и Марија Димитрова
Продукција: Круг Филм
Директор на фотографија: Наум Доксевски
Играат: Наташа Петровиќ, Шенка Колозова и Владимир Петков – Шкаља

По проекцијата следува разговор со авторите, модериран од Румена Бужаровска. Румена е авторка на збирките раскази *Чкртки* (Или-или, 2007), *Осмица* (Блесок, 2010) и *Мојот маж* (Блесок, 2014), како и на студијата за хуморот во книжевноста *За смешното: теориите на хуморот низ призмата на расказот* (Блесок, 2012). Предава американска книжевност на Филолошкиот факултет во Скопје, се занимава со книжевен превод од англиски на македонски, а во изминативе две години заедно со Ана Василева и Тиииит! Инк. возбудено го мисли, посветено го создава и шармантно го води *ПичПрич* - омилената скопска гала вечер на раскажување (женски) приказни.

## 22.00 плато | ДиЏеј Сет *Дамите бираат* | Ilina Angel

## **19.05. (петок)**

## 19.00 фоаје на кино Фросина на кат | Предавање | Сандра Дален - Вагинален секс

Сандра Дален (Шведска) веќе 20 години работи како секс-едукатор - предавач, тренер и писател. Во 2002 год. ја напиша првата феминистичка книга на шведски јазик насловена *Секс итн.*, а во 2006 год. првата „популарно научна“ книга за хетеронормативноста *Хетеро*. Таа работи и како предавач на теми поврзани со еднаквите можности, дискриминацијата и нормативно - критичката педагогија. Фер е да признаеме дека, на свое и на задоволство на нашите партнер(к)и, сè уште ги практикуваме советите од нејзината работилница “LET’S TALK ABOUT (CLITORAL) SEX”, дел од третото издание на ПРВО ПА ЖЕНСКО, а оваа година Сандра ќе не научи и други важни работи за женското задоволство.

Ова предавање ќе биде засновано на новата книга на Сандра, за вагинален секс (на шведски : Hallongrottan - en bok om slidsex) која ќе биде издадена во август оваа година. Книгата го става акцентот на вагината (внатрешниот дел на женските гениталии) и го воведува новиот термин “вагинален секс” сè со цел да ни го прошири видикот за тоа како функционира вагината и каков може да биде сексот. Насекаде во светот луѓето знаат толку малку за вагината, а практикуваат вагинален секс или поточно практикуваат вагинален однос. Ова е всушност ограничен поим кој ја опфаќа пенетрацијата на пенисот во вагината, и не ги опфаќа стимулацијата со прсти во вагинатата ниту пак стимулацијата на клиторисот за време на односот. Како последица на ова, многу жени искусуваат

болен однос и имаат тешкотии при постигнувањето оргазам. Ова е првата книга во светот која се фокусира на вагината и вагиналниот секс, а предавањето ќе биде насочено кон тоа како да се ужива во сексот, без разлика на сексуалната ориентација и на тоа дали сме сами или со друг(а).

## 21.00 Денсинг сала | Перфроманс + дискусија | Драгана Стојчевска Гунин: *Каде одат претставите што не се случуваат?*

Актерите кои соработувале со Драгана, ја опишуваат како уникатна и динамична режисерка која знае да направи спој од идеи и чувства. Благодарение на тоа што е и психолог, таа знае да го разбере и води актерот како партнер во процесот. Инаку е голем љубител на животни и активистка за човекови права.

*Каде одат претставите што не се случуваат?*... може да се набљудува и како уметнички перформанс на режисерката Драгана Гунин… дело кое излегува од комфорната зона на самата авторка и дело кое отвора нови начини на искажување во македонската современа театарска сцена. Со едноставен мизансцен, сама на сцената, режисерката и воедно единствената актерка во својата претстава почнува да го деконструира своето авторско минато, за тука пред нас да создаде ново дело кое претставува крик на надежта која се уште постои.”
(Ивана Смилевска, http://pirej.mk/subjektivna-dekonstrukcija-za-umetnichka-konstrukcija-dragana-gunin/)

По изведбата следува разговор со авторката.

## 22.00 плато | ДиЏеј сет *Дамите бираат*| Соња Исмаил и Ана Мало

**20.05. (сабота)**

## 18.00 фоаје на кино Фросина на кат | Панел дискусија | Родовата и сексуалната (не)еднаквост во Југославија: помеѓу револуционерната утопија и историскиот континуитет на патријархатот

Овој панел има за цел да ја отвори за дискусија и промислување комплексната, динамична и, честопати контрадикторна позиција на родовата и сексуалната

еманципација во рамки на социјалистичка Југославија. За разлика од националистички ориентираната историографија на ревизионизам, и нејзиното неправедно хомогенизирање на комплексноста на југословенското наследство под капата на *титоистичкиот тоталитаризам*, историјата на родовата и сексуалната еднаквост во Југославија треба да биде промислена одново преку посуптилен, внимателен, критички и историски сензитивен пристап, без притоа одговорот да биде вметнат во рамка на контра-ревизионистички тенденции на монументализација или романтизација на социјалистичкото историско наследство. Одовде, и овој панел стреми да ги донесе во преден план како еманципаторските потенцијали, така и патријархалните блокади, во третманот на родовата и сексуалната еднаквост во социјалистичка Југославија, да го преиспита нивното значење за колективната меморија, и да ги истражи можностите што различните критички и еманципаторски практики за родот и сексуалноста во Југославија ги отвораат за нашето современо обмислување и политичко дејствување во насока на родова и сексуална еманципација.

Учесници: Франко Дота, Ивана Пантелиќ и Тијана Окиќ
модератор: Славчо Димитров

Франко Дота неодамна докторираше на тема: Хомосексуалноста во социјалистичка Југославија, на Институтот за историја при Факултетот за општествени и хуманистички науки во Загреб каде има магистрирано Историја и Италијански јазик и книжевност. Франко има предавано современа историја на Факултетот за хуманистички науки во Ријека. Тој е автор на делото: *Поствоена историја во војна: Наративи за судењата и миграциите на истарските Италијанци.* Тој е дел од ЛГБТИ движењето во Хрватска и еден од основачите на Парадата на гордоста во Загреб.

Ивана Пантелиќ е соработник - истражувач на Институтот за современа историја во Белград. Дипломирала историја, магистрирала социјална антропологија и докторирала историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград. Нејзина област на истражување е социјалната историја, особено женската еманципација во Србија и Југославија. Пантелиќ е автор на книга за општествена еманципација на женските партизанки во поствоена Југославија, ко-автор на книги-дневници од Втората светска војна како и книга за дваесетте најважни жени во српската историја на дваесетиот век.

Тијана Окиќ е родена во Сараево, каде што дипломирала и подоцна вработила на Филозофскиот факултет. Од 2015 година, таа е докторанд по филозофија на Scuola Normale Superiore di Pisa. Во моментов, преку германската служба за

академска размена, таа е докторанд - соработник на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Тубинген, Германија. Тијана го има лекторирано томот Антифашистички женски фронт, дел од *Загубената револуција: АЖФ помеѓу митот и заборавот* издадена во Сараево, 2016 година (заедно со Андреја Дуранџиќ). Редовно објавува преводи од неколку јазици, ужива во читањето романи и поезија.

Славчо Димитров дипломирал на катедрата за Општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет при УКИМ и има магистрирано Родови студии и филозофија на Институтот Евро-Балкан во Скопје. Својата втора магистратура ја завршува на Универзитетот во Кембриџ на катедрата за Мултидисциплинарни родови студии. Предавал на Институтот Евро-Балкан во Скопје и на Факултетот за медиуми и комуникации СИНГИДУНИМ во Белград, Србија. Во последниве години води проекти за човекови права и против дискриминација на малцинствата во Македонија, а моментално е координатор на програмата на Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргнинализирани групи.

## 20.00 кино Фросина | Претстава | Црвена љубов - БИТЕФ Театар (Србија)

Режија и драматизација: Олга Димитријевиќ
Играат: Владимир Алексиќ, Јелена Илиќ, Милица Стефановиќ и Ана Ќурчин
Музика: Ана Ќурчин
Извршна продукција: Драгана Јововиќ и Јована Јањиќ
Видео: Деана Петровиќ
Графички дизајн: Катарина Поповиќ
Фотографија: Марија Радосављевиќ
Продукција: uz)bu))na))) и Bitef teatar

Претставата *Црвена љубов* е правена според романот *Слободна љубов* на руската писателка и револуционерка Александра Колонтај. Се занимава со револуционерната идеја за љубовта, доведувајќи ги во прашање патријархалните и капиталистички општествени механизми кои ги обликуваа денешните љубовни односи и ги произведоа нивните, сè уште актуелни општествени форми. Денес, кога говориме за алтернативи на капитализмот и за тоа како да ги промислуваме и да ги реализираме, делото на Колонтај станува одново актуелно по прашање на политиките на секојдневниот живот на сите нивоа, од економското до емотивното. Ако под револуција подразбираме радикална промена на постоечкиот општествен однос на моќта и капиталот во име на еднаквост, општествено добро и заедништво, тогаш таа мора да се случи и во рамки на основната клетка на

капиталистичкото општество, во приватната сфера, чие што јадро е патријархалното семејство. На кратко, патријархатот, буржоаскиот брак и хетеронормативното семејство не се компатибилни со поправеден свет. Затоа е неопходно да се инсистира на надминување на репродукцијата на родните и сексуални стереотипи, да се осмисли револуција која ќе ги пробие сите тие утврдени ограничувања на слободата и љубовта.

## 21.30 плато | Концерт | King's Peach, Contact59, SEINE, Bitipatibi, КУКЛА.

Contact59 е алтернативен бенд од Скопје, формиран од пред скоро две години. Свират слободна и разновидна музика. За себе велат дека не би се дефинирале сè уште во еден жанр. Моментално се сконцентрирани на својот прв албум. До сега имале неколку настапи во Скопје, и со секој концерт стануваат сè подобри.

King's Peach е дуо од Скопје, кое постои од 2016 г. Нивниот жанр постојано варира. Мартина Баракоска свири тапани и клавијатури, а Ерик Омерагиќ бас, гитара. Вистински и фер играчи, свежи праски на кралот и верници на храмот наречен МКЦ.

SEINE (Хрватска) е кантавторски проект на Иван Шчапец, поранешен член на панк-поп колективата Власта Попич. Со неколку изданија (од ЕР до албум во живо), овој панкерски акустичен бенд има одржано голем број настапи на Балканот. Во моментов, работат на новиот албум, а датумот на издавање е најавен на есен. Во меѓувреме имаат најавено две европски турнеи и уште една all-over-the-place по излегувањето на албумот.

Музиката на Bitipatibi (Србија) е едно од оние несекојдневни случувања на културната мапа на градот за кои не постои објаснување. Ги препознаваме по монотониот звук кој во себе ја крие сета фрагилност на вокалистката Уна, најголемото богатство на овој бенд, кој постојано изнаоѓа нова сила да се изненади и себеси и слушателите со необични решенија, структури и аранжмани. Веројатно тоа е она што го нарекуваме оригиналност - треперливата сонувачка моќ која со себе ја носат Битипатиби, тоа тивко ветување за нешто големо. Белградската неопсиходелична сцена никогаш не звучела подобро!

КУКЛА (Словенија) е самопрогласена словенска гангста геиша поп-бенд трансформерка, инаку музички проект на Кукла Кешеровиќ. Пеејќи најчесто за оружје и љубов, Кукла е во постојана војна со себе и со надворешниот свет.

Придружувана од два придружни вокала и ВиЏеј кој ја збогатува препознатливата музика со возбудливи визуелни ефекти, таа на сцената ги спушта своите штитови и ни го дава срцето на чинија. Добар апетит!

**21.05. (недела)**

МКЦ плато

## 13.00 | Базар |

Слободен простор за презентација и промоција на ракотворби направени од и за поинаквите жени и мажи. Откријте го својот нов омилен креативец и потрошете ја заштедата за месецов, денес!

Учесници: MightyJewelry, Глигор Кузмановски, CRUSH, Em Ellephantski, Ѓорѓе Јовановиќ, ATAMI, BullBerry, ПлетЕлица, MaiCraft's, LUDUS, WizArt, Pocket Gallery, Mei Ro, M'Crafts, Farina's handmade, Okokori, Nikulec pop-up store, Seed of Life и Васко (ДКЦ).

## 13.00 | Работилница за татковци и ќерки | Доротеј Нешовски

Денешните татковци се модерни и немаат предрасуди. Покрај тоа што знаат да сменат пелена и измијат садови, време е да се покажат и во своите дотерувачки способности. Работилницата е наменета за татковци кои ќе се изразат во чешлање и врзување кики, но и во зборување за уметноста со своите клинцези. Децата за рака/во количка/на детското седиште во кола или на велосипед, и правец МКЦ! Работилницата е наменета за деца возраст од 2 до 7 години.

Нешовски Доротеј (1989, Скопје) дипломирал на факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек вајарство, насока сценографија, во 2012 година. Основач и член на уметничката група „SEE“ (Art Group SEE). Негови уметнички интереси вклучуваат парципативни активности, мапирања, резонантност, видео селекција, вониституционално делување, истражувачка наука и детска едукација.

## 14.00 | Работилница за поправање точаци за девојки | Bikestop

Другарки, првата година на ПРВО ПА ЖЕНСКО научивме да веземе, втората дознавме што е фанзин и како се прави. Скејтот ни е веќе совладана техника, а од лани знаеме да цртаме и стрипови. Оваа година заедно со Бајкстоп ќе се надоградиме со уште една вештина - како да си го поправиме и одржуваме точакот за да нè служи долго. Менување и лепење гуми, подмачкување ланци,

затегање и што сè не! Придружи се на иницијативата за еко-превоз и дојди на ПРВО ПА ЖЕНСКО со твојот точак!

## 14.00 - 22.00 | ДиЏеј сет | *Дамите бираат*

Мајда и Весна, Мариго Антов, Виолета Качакова и ДИСКОРДИА ДИСИДЕНТ СЕТ

## 16.00 | ХНУ кулинарски перформанс | *Мажите готват за ненаситните феминистки*

Благодарение на долгогодишното другарство со ХНУ, за роденденот на ПРВО ПА ЖЕНСКО, незаборавниот вкус на машкиот ручек од првото издание се враќа во голем стил. Тројца џентлмени, неверојатно вешти за сецкање, матење, ролување, пржење, динстање и фламбирање ќе се погрижат овој пикник на платото на МКЦ, уште долго да го паметиме по мирисите и вкусовите на нивите кулинарски ремек дела. Да им дадеме шанса да пробаат да нè заситат!
ХНУ_Истражувачкото студио за храна наука и уметност, преку готвењето храна го истражува процесот од идеја до готово дело. ХНУ го поставува прашањето за врската помеѓу рецептот и крајниот вкус. Дали секој рецепт може да биде претворен во добар вкус? ХНУ преку целиот овој процес има за цел да потенцира колку е важна одговорноста во готвењето/создавањето на кулинарските/културните продукти.

## 19.00 | ЛезФемСлем | *Жените тоа го прават гласно!*

Пркосни и гласни, да го оживееме женското писмо, да го извадиме од фиоките, да го зачистиме од прашината што го зафатила и да му дадеме живот на подиумот. Гласно да ги изговориме нашите страсти и сласти, стравови и радости, борби и стремежи. Гласно да ја изговориме нашата љубов.
Читаат лезбејките и нивните гости активист(к)и.

# **паралелна програма**

## Хол на МКЦ | Изложба на постерите од конкурсот

За својот петти роденден ПРВО ПА ЖЕНСКО доби дури 95 шарени, секси, политични, креативни подароци и тоа од докажани професионалки/ци, ветувачки почетнички/ци, аматер(к)и и вљубенички/ци во фестивалот, кои се пријавија на отворениот повик за дизајн на постер за јубилејното издание на фестивалот. Нè израдувавте, направивте да се чувствуваме важни и горди, но и ни ја направивте

претешка задачата да избереме само еден предлог. Оваа изложба е мал гест на нашата огромна благодарност за времето, волјата и идеите до сите учесници на повикот. Ви благодариме што ПРВО ПА ЖЕНСКО ви е инспирација и ви ветуваме дека ќе се потрудиме така да остане и во иднина!

## фоаје на кино Фросина на кат | Изложби | Христина Иваноска, *Сирота мала богаташица (избришано минато)*, 2014-2015 и HAVEIT, *Pilule du Lendemain*, 2017

Христина Иваноска (р. 1974) е докторантка на академијата за ликовни уметности во Виена. Таа работи интердисциплинарно, истражувајќи ги општествените и политички системи и нивната поврзаност со теоријата и историјата. Има изложувано во Künstlerhaus; <rotor> (Грац), MNAC (Букурешт), State Museum of Contemporary Art (Солун), MOCA (Скопје), Slovak National Gallery (Братислава), NGBK (Берлин), Konsthall C (Стокхолм), Magazin4 (Брегенц), MOCA (Белград) и други места. Со Јане Чалоски беа претставници од Македонија на 56-тото биенале во Венеција во 2015 година.
Делото *Poor Little Rich Girl (erased past)* е основано на фотографии од архивот на уметничката направени во 2002 година. Откривајќи ги дванаесет години подоцна таа сфаќа дека тие го задржале изгледот и сензација на градот кој е загубен засекогаш. Во изминатите години јавниот простор стана игралиште за владата и неолибералниот капитал, и игнорирајќи било каква јавна дебата во многу кратко време тие го окупираа просторот и го преполнија со згради и споменици. Ново подигнатата архитектура дизајнирана во претенциозен еклектичен стил занемарувајќи го модернистичкото минато на градот стана иднината на Скопје. На зголемените отпечатоци од трите избрани фотографии, Иваноска со користење само на акрилна златна боја и бело мастило создаде иконско претставување на изгубениот град, подигајќи го својот индивидуален глас против промените кои го уништија природниот флукс на постоечкиот јавен простор и аурата на центарот на градот.

HAVEIT е колектив од четири млади уметници (комбинација од два пара сестри- Хана и Веса Кена и Лола и Алкета Силај) чија уметност е бунт против проблемите кои владеат во албанското општество - рестрикциите на струја и вода, национализмот, ЛГБТИ дискриминацијата и опресијата врз жените. Тие исто така се обидуваат да ја илустрираат секојдневната борба на речиси секој Косовар. Честопати, нивните перформанси се изведуваат на јавни простори во Косово.

*Pilule du Lendemain (Morning-after pill)* е нивниот најнов проект, направен во соработка со фотографката Мајлинда Хоџа. Името е на француски токму поради фактот што во Косово упатството за овие пилули е на странски јазик. Видеото е одговор за недостатокот на сексуално образование во Косово и за морализирањето кое го добиваат жените на теми како абортусот. Многу жени за овие пилули дознаваат од пријатели или пак од интернет и честопати се скептични бидејќи се чувствуваат засрамено или не сакаат да бидат осудувани.

## МКЦ плато | ДиЏеј сет | *Дамите бираат*

Жените сериозно ги тресат македонските клубски подиуми, правејќи ја домашната електронска музичка сцена многу повеќе од само добар пример за родова балансираност. Овогодинешната програма на ПРВО ПА ЖЕНСКО ги враќа зад пултот најверните и највозбудливите ДиЏејки од претходните години, за да заслужено си го прославиме малиот јубилеј, а за вистински славенички штимунг ќе се погрижат и уште неколку нови музички пријателки на фестивалот.

18.05 | 22.00 | Ilina Angel
19.05 | 22.00 | Соња Исмаил и Ана Мало
21.05 | 14.00 Мајда и Весна; 16.00 Мариго Антов; 17.30 Виолета Качакова; 20.30 Дискордиа Дисидент Сет.